**Марија ШТЕРЈОВА[1]** **УДК:343.415**

# КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ

**Апстракт:** Изборите се основен предуслов за демократија. Всушност, избирачкото право е услов без кои не може една земја да биде демократска. Посебен проблем претставуваат изборните регуларности кои го попречуваат изборниот процес. Инкриминирањето на определени дејствија како кривични дела против изборите и гласањето во Кривичниот законик на Република Македонија се оправдува токму со значајноста на изборите како еден од најкарактеристичните претставници на демократија. Во овој труд ќе се зборува за тоа какви кривични дела можат да се случат на изборите, конкретно ќе се задржиме на Република Македонија и на досегашните избори.

**Клучни зборови:** *демократија, изборен процес, кривично дело, легитимитет*

**Marija STERJOVA**

# CRIMINAL ACTS AGAINST THE ELECTIONS

**Abstract:** The elections are the basic condition for democracy. Actually, the right of election is the condition without a country cannot be a democratic country. Special problems are the election regularities which stop the election process. The incrimination of particular activities as criminal acts against the elections and the voting in the Criminal Law of Republic of Macedonia is justified with the importance of the elections as one of the most characteristic representatives of democracy. In this paper it is going to be covered what kind of criminal acts can happen on the elections, the accent is on Republic of Macedonia and on the previous elections.

**Key words:** *democracy, election process, criminal act, legitimacy*

## Вовед

Овој труд се занимава со кривичните дела против изборите. Прво во него ќе има општ дел за какви кривични дела против изборите постојат и кои се казниви според Кривичниот законик на Република Македонија. Потоа ќе бидат претставени резултати од анкета спроведена со *Survey Monkey* поврзана со кривичните дела против изборите во Република Македонија. Една од основните претпоставки за владеењето на правото, за практикувањето на демократијата во современите држави претставува избирачкото право. Посебен проблем претставуваат изборните

[1] Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија, Правен факултет, постдипломски студии 3+2, Правосудна насока

регуларности кои го попречуваат изборниот процес. Инкриминирањето на определени дејствија како кривични дела против изборите и гласањето во Кривичниот законик на Република Македонија се оправдува со значајноста на изборите како еден од најкарактеристичните претставници на демократска држава.

## 1. **Материјал и метод на работа**

Целта на овој труд е да се разгледа каков вид криминал се случува на изборите во нашата земја. Првиот дел од материјалот за овој труд е анализа на Кривичниот законик од каде што ги зедовме членовите што се однесуваат за кривичните дела против изборите од член 148 до член 165. Вториот дел е анализа на анкета на 32 лица за нивните искуства поврзани со кривичните дела против изборите. За таа цел беше спроведено истражување со користење на алатката *Survey Monkey*. Анкетата им беше пратена на 60 луѓе. Одговор добивме само од 32. Третиот дел е соодветна анализа на сторители на кривични дела против изборите и гласањето по години од 2010 до 2013 г. и анализа на сторители на кривични дела против изборите и гласањето според внатрешната систематика од 2010 до 2013 година. Податоците за овие анализи се земени од Државниот завод за статистика. Треба да се потенцира фактот Државниот завод за статистика нема соодветна методологија за следење на сите кривични дела против изборите и гласање, па затоа се следат само кривичното дело, спречување на избори и гласање (член 158 од КЗ) и кривичното дело, повреда на избирачкото право (член 159 од КЗ), сите други кривични дела од оваа глава од Кривичниот законик кои се однесуваат на изборите и гласањето се подведени во делот останати.

### 1.1 **Анализа членовите поврзани со кривични дела против изборите од Кривичниот законик на Република Македонија**

Согласно со Уставот на РМ секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Никој не смее да го повика избирачот на одговорност заради гласањето, ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.[2]

Во посебна глава од Кривичниот законик на Република Македонија се уредени и предвидени делата против изборите и гласањето во нашата земја. Тука спаѓаат:

- спречување на избори и гласање,
- повреда на избирачкото право,
- повреда на слободата на определување на избирачите,

2) Устав на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/1991

- злоупотреба на избирачкото право,
- поткуп при избори и гласање,
- повреда на тајноста на писмата,
- уништување на изборен материјал,
- изборна измама и
- злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања. [3]

Според член 158 се однесува на спречувањето на избори и гласање со употреба на сила или сериозна закана или на некој друг начин спречува или оневозможува одржување избори или гласање ќе се казни со најмалку 5 години затвор. Понатаму, според 159 со слична казна ќе се казни и член на изборен орган или друго службено лице кое ќе оневозможи гласач да гласа или ќе му овозможи на некој да гласа на незаконски начин. Исто така, се казнува и доколу некое лице изврши повреда на слободата на определување на избирачите. Казната за тоа според член 160 е затвор најмалку три години, а ако лицето што го извршило ова кривично дело тогаш може да добие казна најмалку пет години затвор. Доколку некое лице изврши злоупотреба на избирачкото право, односно гласа наместо друг или гласа повеќе пати може да се казни најмалку три години според член 161. Исто така, поткупот при избори и гласање е сторо казниво дело и се казнува најмалку пет години според член 162. Понатаму, повредата на тајноста на гласањето (член 163) и уништувањето на изборни исправи (член 164) се казнува најмалку три години. Исто така, за изборна измама (член 165) и злоупотреба на средства за финансирање на изборната кампања (член 165) се казнува со најмалку пет години затвор.

За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој Законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој Законик. Исто така, за кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој Законик, судот ќе му изрече на сторителот забрана за користење на средства за финансирање на политички партии под условите од членот 96-в став (1) на овој Законик.

### 1.1 **Анкета со *Survey Monkey* – Кривични дела против изборите**

Прашањата се следниве:

- Дали гласавте на последните избори во Република Македонија?
- На колку избори имате гласано до сега?
- Дали сте забележале некаков криминал против изборите?
- Ако сте забележале некаков вид криминал против изборите, за каков криминал станувало збор?
- Дали сте пријавиле некое кривично дело против изборите на соодветните служби?

3) Камбовски, Владо, *Казнено право – посебен дел*, Просветно дело, Скопје, 2003 година, 139-141

- Дали сметате дека следниве избори во Македонија ќе бидат фер и транспарентни?
- Дали верувате дека постојат таканаречени „фантомски“ гласачи?
- Дали сметате дека нашата држава се движи во вистинската насока?
- Дали сметате дека новата влада што ќе биде избрана ќе биде легитимна?
- Дали верувате дека политичките партии во Македонија спроведуваат фер предизборни кампањи без да прават кривичните дела против изборите?

Слика 1




Слика 2



Слика 3




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| Да | 22.58% | 7 |
| Не | 54.84% | 17 |
| Не сум сигурен/а | 22.58% | 7 |
| Total | | 31 |

Слика 4




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| попречување на изборите или гласањето | 0.00% | 0 |
| повреда на избирачкото право | 0.00% | 0 |
| повреда на слободата на определување на избирачите | 26.09% | 6 |
| злоупотреба на избирачкото право, | 4.35% | 1 |
| поткуп при избори и гласање | 8.70% | 2 |
| уништување на изборен материјал | 0.00% | 0 |
| злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања | 8.70% | 2 |
| друго | 69.57% | 16 |
| Total Respondents: 23 | | |

Слика 5




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| Да | 3.33% | 1 |
| Не | 96.67% | 29 |
| Total | | 30 |

Слика 6




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| Да | 40.63% | 13 |
| Не | 25.00% | 8 |
| Можеби | 34.38% | 11 |

Слика 7




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| Да | 34.38% | 11 |
| Не | 31.25% | 10 |
| Не знам | 34.38% | 11 |

Слика 8




| Answer Choices | Responses | |
|---|---|---|
| Да | 34.38% | 11 |
| Не | 15.63% | 5 |
| Можеби | 50.00% | 16 |

Слика 9




1.1 **Табелите од Државниот завод за статистика за сторители на кривични пријави од 2010 до 2013 година**

**Табела 1.**[4] Сторители на кривични дела против изборите и гласањето по години од 2010 до 2013 г.

| Кривични дела против изборите и гласањето | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Спречување на избори и гласање | 52 | 2 | 10 | 19 | 83 |

**Табела 2.**[5] Сторители на кривични дела против изборите и гласањето според внатрешната систематика од 2010 до 2013 година

| Кривични дела против изборите и гласањето | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Спречување на избори и гласање | 52 | 2 | 10 | 19 | 83 |
| Повреда на избирачкото право | 3 | 4 | 1 | 1 | 9 |
| Останати | 0 | 1 | 2 | 18 | 21 |

## 2. **Резултати и дискусија**

Според добиените резултати од анкетата на *Survey Monkey*[6] се добија следниве резултати. На прашањето - Дали гласавте на последните избори во Република Македонија? – 87,50 проценти (28 лица) одговориле со „да“, а 12,50 (4 лица) проценти одговориле со „не“. На второто прашање – На

---

4) Статистички годишник на Република Македонија, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, 2014, 2013, 2012, 2011 год.

5) Статистички годишник на Република Македонија, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, 2014, 2013, 2012, 2011 год.

6) https://www.surveymonkey.com/analyze/K1e8SQqj4h3_2FRnWA8qUnn8NXnu8bxSEQhF9BX1E2T_2FU_3D

колку избори имате гласано до сега? - 81,25 проценти рекле дека гласале од 1-5 избори, 9,38 проценти одговориле дека гласале од 5-8 избори, а на повеќе од осум избори гласале 9,83 проценти од испитаниците. На следното прашање: Дали сте забележале некаков криминал против изборите? - со „да“ одговориле 22,58 проценти, со „не“ одговориле 54,84 проценти, а со „не сум сигурен/а“ со 22,58 проценти. На четвртото прашање - Ако сте забележале некаков вид криминал против изборите, за каков криминал станувало збор? – беа понудени следниве: спречување на избори и гласање, повреда на избирачкото право, повреда на слободата на определување на избирачите, злоупотреба на избирачкото право, поткуп при избори и гласање, уништување на изборен материјал, злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања или друго. На ова прашање одговориле 23 од анкетираните, другите 9 не биле сведоци на кривично дело против изборите. Според добиените резултати најголем процент рекле дека се сведок на такво нешто ама не е понудено во анкетата – одговориле со „друго“ – дури 69,57 проценти. Следно 26,09 проценти биле сведоци на повреда на слободата на определување на избирачите, 8,70 забележале поткуп при избори и гласање, како и злоупотреба на финансирање на изборната кампања. Никој не кажал дека е сбедок на попречување на изборите или гласањето или повреда на избирачкото право, како и уништување на изборниот материјал. На прашањето - Дали сте пријавиле некое кривично дело против изборите на соодветните служби? – 3,33 проценти одговориле со „да“, а 96,67 проценти одговориле со „не“. На шестото прашање - Дали сметате дека следниве избори во Македонија ќе бидат фер и транспарентни? – 40,63 проценти рекле „да“, 25 проценти одговориле со „не“, 34,38 проценти одговориле со „можеби“. На темата за фантомските гласачи - Дали верувате дека постојат таканаречени „фантомски“ гласачи? – со „да“ и со „можеби“ одговориле по 34,38 проценти од анкетираните, а 31,25 проценти одговориле дека „не знаат“. На осмото прашање - Дали сметате дека нашата држава се движи во вистинската насока? – со „да“ одговориле 34,38 проценти, со „не“ одговориле 46,88 проценти, а 18,75 проценти одговориле со „не знам“. На деветото прашање - Дали сметате дека новата влада што ќе биде избрана ќе биде легитимна? - со „да“ одговориле 34,38 проценти, со „не“ одговориле 15,63 проценти, со „можеби“ одговориле 50 проценти. На последното прашање - Дали верувате дека политичките партии во Македонија спроведуваат фер предизборни кампањи без да прават кривичните дела против изборите? – со „да“ одговориле 25 проценти, со „не“ одговориле 50 проценти, со „не знам“ одговориле 25 проценти. Заклучокот од анкетата е дека, за жал, постојат кривични дела поврзани со изборите. Сепак, загрижувачки е фактот дека голем дел од анкетираните не се целосно запознаени со ситуацијата во нашата земја и ги одговориле прашањата

со „не знам" или со „можеби", како што е примерот со прашањето дали нашата држава се движи во вистинската насока, тука најголем дел рекле дека не се движи во вистинската насока, а голем дел и не знаеле дали е вистинската насока или не, веројатно поради недоволна информираност или заинтересираност.

Во продолжение анализирајќи ги бројките во табела 1 укажува на различни движења на кривичните дела против изборите и гласањето кај нас во Република Македонија од година во година. Така највисоки бројки имаме во 2010 и 2013 година. Додека најниска бројка во 2011 година од само 7 сторители на овие кривични дела. Не треба посебно да се нагласува фактот дека помалата бројка говори за подемократски, пофер и посолободни избори и обратно.

Понатаму од анализираните статистички податоци кои се однесуваат на кривичните дела против изборите и гласањето во табела 2 се доаѓа до заклучок дека кривичното дела спречување на избори и гласање е најчесто кривично дело кое се случува во реалноста или со бројка од 83 пријавени сторители за ова кривично дело. Многу мал дел отпаѓа на кривичното дело повреда на избирачкото право, само 9 пријавени сторители, додека пак во категоријата останатите бројката изнесува 21.

**Заклучок**

Заклучокот од овој труд е дека, за жал, постојат кривични дела поврзани со изборите во нашата земја. Тоа го покажува и анкетата на Survey Monkey каде што беше испитан мал примерок луѓе со различни возрасти од цела Македонија. За анкетата, сепак, загрижувачки е фактот дека голем дел од анкетираните не се целосно запознаени со ситуацијата во нашата земја и ги одговориле прашањата со „не знам" или со „можеби", како што е примерот со прашањето: Дали нашата држава се движи во вистинската насока?, тука најголем дел рекле дека не се движи во вистинската насока, а голем дел и не знаеле дали е вистинската насока или не, веројатно поради недоволна информираност или заинтересираност. Истото го покажува и анализата на табелите добиени од Државниот завод за статистика. Ги анализиравме следниве работи - сторители на кривични дела против изборите и гласањето по години од 2010 до 2013 и сторители на кривични дела против изборите и гласањето според внатрешната систематика од 2010 до 2013 година. Податоците за овие анализи се земени од Државниот завод за статистика. Треба да се потенцира фактот Државниот завод за статистика нема соодветна методологија за следење на сите кривични дела против изборите и гласање, па затоа се следат само кривичното дело, спречување на избори и гласање (член 158 од КЗ) и кривичното дело, повреда на избирачкото право (член 159 од КЗ), сите други кривични дела од оваа глава од Кривичниот законик кои се

однесуваат на изборите и гласањето се подведени во делот останати. Како заклучок од анализата на бројките во табела 1 на различни движења на кривичните дела против изборите и гласањето кај нас во Република Македонија од година во година. Така највисоки бројки имаме во 2010 и 2013 година. Додека најниска бројка во 2011 година од само 7 сторители на овие кривични дела. Не треба посебно да се нагласува фактот дека помалата бројка говори за подемократски, пофер и посолободни избори и обратно. Од анализираните статистички податоци кои се однесуваат на кривичните дела против изборите и гласањето во табела 2 се доаѓа до заклучок дека кривичното дела спречување на избори и гласање е најчесто кривично дело кое се случува во реалноста или со бројка од 83 пријавени сторители за ова кривично дело. Многу мал дел отпаѓа на кривичното дело повреда на избирачкото право, само 9 пријавени сторители, додека пак во категоријата останатите бројката изнесува 21. Откако ги анализиравме, можеме да заклучиме дека доколку нашата земја сака да се движи во вистинскиот правец и да ги исполни своите аспирации за пристапување кон Европската Унија, треба да ги минимизира кривичните дела против изборите и да создаде средина за фер и транспарентни избори каде што граѓанинот ќе може да гласа без никакви притисоци и застрашувања.

**Користена литература**

Анкета на Survey Monkey достапна на:
https://www.surveymonkey.com/analyze/K1e8SQqj4h3_2FRnWA8qUnn8NXnu8bxSEQhF9BX1E2T_2FU_3D

Камбовски, Владо, *Казнено право – посебен дел*, Просветно дело, Скопје, 2003 година, 139-141

Статистички годишник на Република Македонија, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, 2014, 2013, 2012, 2011 год.

Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 52/1991